24882

ВЕЧЕР ☆ 1 февруари 1979 година

4850, 22.

# Светлосни ефекти



Д-р МИОДРАГ ЃОРЃЕВИЌ дваесетина години со својата камера ги регистрира појавите и предметите во уметнички фотографии. Неговото видување на она што го интересира низ фотографијата повеќе години е присутно во галериите во нашата земја и во светот. За својата прва самостојна изложба, што кон крајот на месецов ќе ја отвори во Скопје, уметникот вели:

— Во фотографијата ги следам процесите на животот, реагирам на сите симболи што ме опкружуваат и кои ми даваат повод за сопствено доживување и видување. Секоја моја досегашна изложба на фотографии ја подготвував во циклуси. Се сеќавам: мојата прва самостојна изложба беше посветена на планинските предели кај нас, во подоцнежниот период беше забележан мојот циклус на портрети, потоа циклусот — „жена", циклусот „фантастиката и скриени светови"... Пред скопската ликовна публика ќе излагам циклус на кинетички светлосни ефекти преку неисцрпното богатство на изразот. Посебно ми е драго што ќе гостувам во Скопје и тоа во една од најрепрезентативните ликовни галерии кај нас — во Музејот на современата уметност.